## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЕКОНОМИКА НА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ“ (Е-ПРАКТИКУМ) ОД Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр.2602-38/13 од 107. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 17.1.2014 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по Економика на угостителство и туризам“ од доц. д-р Билјана Петревска, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот **„Практикум по Економика на угостителство и туризам“** е компатибилен со Наставната програма по предметот Економика на угостителство и туризам што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во II семестар на прв циклус студии. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1. Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 10. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 44 страници, при што секоја вежба е во согласност со наставната програма по предметот Економика на угостителство и туризам. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, но може да се користи и многу пошироко.

Со цел на студентите да им се овозможи полесно совладување на материјата, разбирање на посложените поими и поврзување на теоретските и методолошките концепти со практиката, ракописот се карактеризира и со неколку педагошки алатки. Имено, секоја вежба започнува со краток преглед на содржината која е разработена во таа глава, согласно со е-скриптата „Економика на угостителство и туризам“. Воедно, поставени се целите на учење што треба да ги постигнат студентите преку совладување на вежбата. Во вежбите вклучени се многубројни примери кои имаат за цел сликовито да ја прикажат материјата и да ја доближат до студентите. На крајот од секоја вежба се дадени прашања за дискусија и проблеми за размислување кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја. При проверката на знаењето од помош е понуденото решение на поставените задачи, со што се олеснува подготовката на испитот по предметот Економика на угостителство и туризам.

Вежбата бр. 1 е насловена како *Воведни напомени*. Во неа се дадени генералните концепции кои се однесуваат на наставната содржина, основната литература и темите за избработка проектна задача по предметот Економика на угостителство и туризам. Во вежбата бр. 2 се акцентирани најважните термини од темата Економијата на угостителство и туризам како научна дисциплина и истовремено е даден простор за размислување околу најкарактеристичните неекономски функции на туризмот. Во вежбата бр. 3 се посочени примери за елаборирање на економските функции на туризмот на ниво на свет, Европа и Македонија. Појаснувањата за основните пресметки за амортизацијата, кружното движење и обртот на капиталот се теми на вежбата бр. 4. Вежбата бр. 5 обилува со

примери за пресметување на основните видови трошоци, додека тема на вежбата бр. 6 е проблематиката за цени. Вежбата бр. 7 презентира како се составува делбена калкулација, т.е. чиста дивизиона калкулација и дивизиона калкулација со помош на еквивалентни броеви. Пресметките за составување додавна калкулација, калкулација на врзани производи и калкулација по методот на директни трошоци се појаснети во вежбата бр. 8. Начинот на пресметување на основните економски принципи е даден во вежбата бр. 9. Вежбата бр. 10 ги акцентира најинтересните точки од главата *Туристички пазар*, додека вежбата бр. 11 иницира дискусија по поими од главата *Туристичка политика*. Во последната вежба бр. 12 е оставен простор за кратка анализа на зададена задача, со што всушност е дадена можност за дополнителна активност на студентите.

Сите 12 вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметот Економика на угостителство и туризам, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало по тој предмет предмет.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за е-практикум е во согласност со Студиската програма и Наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Ракописот во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Според наши сознанија, ваков практикум наменет за вежби по предметот Економика на угостителство и туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип со задоволство му предлагаме **ракописот „Практикум по Економика на угостителство и туризам“ од д-р Биљана Петревска да биде издаден како учебно помагало практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Сашо Ќосев, редовен професор,**
**Економски факултет, Универзитет**
**„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**